Врз основа на членовите 35 и 41 од Статутот на Атлетската федерација на Северна Македонија, Собранието на Атлетската федерација на Северна Македонија на својата седница одржана на ден 08.10.2021 година, го усвои следниот :

# **П Р А В И Л Н И К**

## **за бодување во успешноста и рангирање на атлетските клубови во Република Северна Македонија**

Општи одредби

Со овој Правилник се утврдуваат и уредуваат начинот и условите под кои се бодуваат резултатите и пласманите на атлетичарите-ките членови на атлетските клубови членки во Атлетската федерација на Северна Македонија, постигнати на Национални - домашни натпревари кои се предвидени во програмата на АФСМ за тековната година, по кој основ се утврдува **Ранг листата во Севкупен пласман и Младински категории** на атлетските клубови во Северна Македонија,

Бодови за постигнати резултати и пласман од горниот став можат да се оствараат на поединечни и екипни натпревари.

### **Член 1.**

Право на Бодови за Ранг листа, клубовите остваруваат на основ на постигнати резулати и пласман на атлетичарите на следните Домашни- Национални атлетски натпревари по категории како што следи:

Поединечни првенства :

- НП за сениори-ки
- НП за младинци-ки
- НП за млади младинци-ки
- НП за пионери-ки
- НП во маратон

Куп натпревари со исполнета норма :

Куп на Македонија за сениори-ки
Куп на Македонија за младинци-ки
Куп на Македонија за пионери-ки
Куп на Македонија на 10 000м

### **Член 2.**

Право на бодови за Ранг листа, клубовите остваруваат на основ на остварен пласман на атлетичарите во поедниечна конкуренција по програма ДРЖАВНИ-НАЦИОНАЛНИ првенства со редослед на бодови по категории од Национални поединечни првенства до 6то место, и со исполнета минимална вредност на резултатот „норми„ во КУП натпреварите до 8 место.

### **Член 3.**

За одредување на **Севкупен победник** се собираат резултатите од следниве натпревари:

1. пласманот на атлетичарите од поединечните првенства (табела 1.) и
2. пласманот на клубовите во Куп натпреварите со исполнета норма ( Табела 2. )

Право на бодови за Ранг листа, клубовите остваруваат на основ на **остварен пласман на атлетичарите** во поединечна конкуренција по програма на следните ДРЖАВНИ-НАЦИОНАЛНИ првенства до 6 место:

Табела 1. – редослед на бодови по категории од Национални поединечни првенства до 6то место:

| пласман | НП-Сениори | НПМладинци | НП-Мл. Младинци | Пионери |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 15 | 7 | 6 | 5 |
| 2 | 13 | 6 | 5 | 4 |
| 3 | 12 | 5 | 4 | 3 |
| 4 | 11 | 4 | 3 | 2 |
| 5 | 10 | 3 | 2 | 1 |
| 6 | 9 | 2 | 1 | |

Право на бодови за Ранг листа, клубовите остваруваат на основ на исполнета минимална вредност на резултатот „норми„ во КУП натпреварите до 8 место.

Табела 2. за бодови од Куповите според Категории до 8мо место со исполнета норма

| пласман | Сениори | Младинци | Пионери |
|---|---|---|---|
| 1 | 45 | 22 | 13 |
| 2 | 39 | 19 | 12 |
| 3 | 35 | 17 | 11 |
| 4 | 32 | 15 | 10 |
| 5 | 30 | 14 | 9 |
| 6 | 27 | 13 | 8 |
| 7 | 25 | 12 | 7 |
| 8 | 22 | 11 | 6 |

## Член 4.

За одредување на Ранг листата во **Младински победник** се собираат резултатите од следниве натпревари:

1. пласманот на атлетичарите од поединечните првенства (табела 3.) и
2. пласманот на клубовите во Куп натпреварите со исполнета норма ( Табела 4. )

Табела 3. – редослед на бодови по категории од Национални првенства до 6то место

| пласман | НП- Младинци | НП- Мл. Младинци | НП- Пионери |
|---|---|---|---|
| 1 | 7 | 6 | 5 |
| 2 | 6 | 5 | 4 |
| 3 | 5 | 4 | 3 |
| 4 | 4 | 3 | 2 |
| 5 | 3 | 2 | 1 |
| 6 | 2 | 1 | |

Табела 4. за бодови од Куповите според Категории до 8мо место со исполнета норма

| пласман | Младинци | Пионери |
|---|---|---|
| 1 | 22 | 13 |
| 2 | 19 | 12 |
| 3 | 17 | 11 |
| 4 | 15 | 10 |
| 5 | 14 | 9 |
| 6 | 13 | 8 |
| 7 | 12 | 7 |
| 8 | 11 | 6 |

## Член 5.

За исполнување бодови во КУП натпреварите до 8 место , Предвидени се остварување на минимални вредности на резултатот или исполнување „норми„ даден во следнава табела за возрасни категории :

| Пионери | Младинци | Сениори | Дисциплина | Сениорки | Младинки | Пионерки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12,80 | 12,00 | 11,80 | 100м | 13,60 | 13,80 | 14,60 |
| / | 24,50 | 24,00 | 200м | 28,00 | 28,50 | / |
| 42,00 | / | / | 300м | / | / | 50,00 |
| / | 55,00 | 54,00 | 400м | 1,04,00 | 1,06,00 | / |
| / | / | / | 600м | / | / | 2,00,00 |
| 2,30,00 | 2,10,00 | 2,04,00 | 800м | 2,35,00 | 2,40,00 | / |
| / | 4,32,00 | 4,25,00 | 1500м | 5,20,00 | 5,30,00 | 5,50,00 |
| 6,30,00 | / | / | 2000м | / | / | / |
| / | 9,55,00 | 9,40,00 | 3000м | 12,10,00 | 12,40,00 | / |
| / | 17,30,00 | 16,40,00 | 5000м | 21,00,00 | 21,50,00 | / |
| / | / | 35,00,00 | 10000м | 44,30,00 | / | / |
| 14 | / | / | 80м пречки | / | / | 14 |
| / | / | / | 100м пречки | 18,30 | 19,00 | / |
| / | 18,50 | 18,00 | 110м пречки | / | / | / |
| / | 1,07,50 | 1,04,50 | 400м пречки | 1,15,00 | 1,18,00 | / |
| / | 11,30,00 | 11,00,00 | 3000м стипл | 14,20,00 | 14,50,00 | / |
| 150 | 165 | 170 | Височина | 145 | 140 | 130 |
| 4,90 | 5,60 | 6,00 | Далечина | 4,80 | 4,50 | 4,20 |
| / | 11,00 | 12,00 | Трискок | 9,00 | 8,50 | / |
| / | 260 | 280 | Скок со стап | 220 | 210 | / |
| 10,00 | 10,00 | 11,00 | Ѓуле | 9,00 | 8,00 | 7,00 |
| 30,00 | 30,00 | 32,00 | Диск | 28,00 | 26,00 | 24,00 |
| 34,00 | 38,00 | 45,00 | Копје | 30,00 | 28,00 | 24,00 |
| 25,00 | 27,00 | 30,00 | Кладиво | 25,00 | 23,00 | 21,00 |
| 50,00 | 49,00 | 48,00 | 4x100м | 55,00 | 57,00 | 59,00 |
| 4,11,00 | 4,02,00 | 3,55,00 | 4x400м | 4,30,00 | 4,40,00 | 5,00,00 |

## Завршни одредби:

## Член 6.

Измени и дополнувања на овој Правилник се донесува на начин и постапка иста како при неговото донесување.

## Член 7.

Толкување на овој Правилник дава Комисијата за рангирање, составена од Стручен совет на АФСМ, Канцеларијата на АФСМ, и Натпреварувачка комисија на АФМ испред Извршниот одбор на АФСМ .

**Член 8.**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото усвојување.

Скопје, на ден 08.10.2021 година

Претседател на АФСМ
Александра Војнеска Зикова